**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т

на Стопанска банка АД - Скопје
**(пречистен текст)**

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на Статутарната одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр.____/30.05.2025 година), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на ______________година, утврди пречистен текст на

# С Т А Т У Т
на Стопанска банка АД - Скопје
**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: името и седиштето на Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошниот текст: СБ); организацијата и финансиските активности; вкупниот износ и промената на почетниот капитал (основна главнина); бројот и номиналната вредност на акциите; правата, обврските и одговорностите на акционерите; распределбата на добивката и издвојувањето резерви; супервизорските стандарди; одредбите кои се однесуваат на управувањето и органите на СБ; начинот на свикување и одржување седница на Собрание на акционери; начинот на решавање на споровите помеѓу акционерите; начинот на решавање на судир на интереси и одредби во врска со заштита на доверливи податоци; други одредби во врска со работењето на СБ и преодни и завршни одредби.

## II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

**Член 2**

Стопанска банка АД – Скопје е правно лице со седиште во Скопје, на ул. „11 Октомври“ бр. 7.

Деловите на СБ во своето работење, покрај називот Стопанска банка АД – Скопје, го назначуваат и видот и седиштето на делот.

**Член 3**

СБ има заштитен знак и боја.

Заштитниот знак (лого) е составен од стилизирани печатни букви од називот Стопанска банка „С“ и „Б“.

Заштитната боја е виолетова (магента).

**Член 4**

СБ во своето работење употребува печат, штембил и жиг, кои го содржат називот и седиштето на СБ и делот на СБ.

Формата, големината и начинот на употреба на печатот, штембилот и жигот ги пропишува Управниот одбор на СБ.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ

**Член 5**

СБ е основана како акционерско друштво на неопределено време заради вршење работи утврдени со Закон со којшто се регулира работењето на банките.

СБ е правно лице, со добиена дозвола од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија (во понатамошен текст: НБРСМ или Народна Банка), основано согласно одредбите на Законот за банки, чија основна дејност е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување кредити и други пласмани во свое име и за своја сметка.

СБ во својата работа обезбедува исполнување на сите обврски кон своите доверители, за целиот износ во пропишаниот рок.

**Член 6**

СБ може да работи во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на други лица и од име и за сметка на други лица.

**Член 7**

СБ има единствена сметка, биланс и годишна сметка, а изготвува полугодишен и годишен финансиски извештај.

Финансиско–сметководственото работење на СБ е согласно македонските закони и финансиското известување, исто така, се врши по меѓународните сметководствени стандарди.

### 1. Организација

**Член 8**

СБ работењето и активностите ги врши преку Централата и делови на СБ.

Делови на СБ се: филијали и претставништва.

Организацијата на СБ поблиску се уредува со одлука што ја донесува Надзорниот одбор на СБ.

**Член 9**

Управниот одбор на СБ донесува одлуки за основањето, предметот на работењето, начинот на работењето и престанокот на филијалите во земјата.

Надзорниот одбор на СБ донесува одлуки за основањето, предметот на работењето, начинот на работењето и престанокот на филијалите и претставништвата во странство.

## 2. Финансиски активности

**Член 10**

СБ согласно Законот ги врши следните активности:

1. Прибирање депозити и други повратни извори на средства;
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
4. Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5. Финансиски лизинг;
6. Менувачки работи;
7. Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
8. Брз трансфер на пари;
9. Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
10. Изнајмување сефови, острава и депо;
11. Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
12. Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
13. Тргување со хартии од вредност;
14. Тргување со финансиски деривати;
15. Управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти;
16. Давање услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;
17. Купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
    17-а) чување хартии од вредност за клиенти;
    17-б) советување правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
18. Продажба на полиси за осигурување;
19. Застапување во осигурување;
20. Посредување при склучување договори за кредити и заеми;
21. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
22. Економско-финансиски консалтинг; и
23. Други финансиски услуги утврдени со закон што може да ги врши само банка.

Издавањето и тргувањето со финансиските деривати (конвертибилни обврзници, опциски договори, фјучерс договори и други деривати) ќе се регулира со посебни Одлуки за начинот и условите за издавање на и тргување со секој поодделен финансиски дериватен производ одобрен од Надзорниот одбор на СБ.

## IV. ВКУПЕН ИЗНОС И ПРОМЕНА НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ (ОСНОВНА ГЛАВНИНА)

### Член 11

Номиналниот износ на почетниот капитал (основната главнина) на СБ изнесува 3.602.219.798,00 денари. Почетниот капитал (основната главнина) е поделен на 17.460.180 обични акции, со номинален износ од 201,1 денари по една акција и 227.444 приоритетни акции со номинален износ од 400,00 денари по една акција.

Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ.

Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ.

Изводот од Акционерската книга е прилог кон овој Статут.

### Член 12

Почетниот капитал (основната главнина) на СБ може да се зголеми или да се намали согласно Законот.

Почетниот капитал и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал не може да се намалуваат преку враќање на уплатените влогови на акционерите.

Побарувањата на акционерите од СБ може да се пребиваат со уплати на акции.

### Член 13

Собранието на акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов акционерскиот капитал да остане непроменет.

Собранието на акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов почетниот капитал (основната главнина) да остане непроменет.

### Член 14

Својството акционер во СБ стекнува домашно и странско физичко и правно лице кое стекнало акциисогласно Законот.

Правата на акционерот се стекнуваат со уписот во Акционерската книга на СБ.

Акционерската книга на СБ се води во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 15**

Својството на акционер престанува со денот на бришењето од Акционерската книга на СБ.

## V. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 16**

Акционерите на СБ ги имаат сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите и овој Статут.

**Член 17**

Акционерите на СБ не одговараат за обврските на СБ.

Секој акционер на СБ одговара неограничено и солидарно за обврските на СБ во случаите, ако:

- ја злоупотребил СБ како правно лице за да постигне цели што се забранети;
- ја злоупотребил СБ како правно лице за да им нанесе штета на своите доверители;
- спротивно на Законот, јавно ги објави или ги презентира податоците до коишто дошол остварувајќи го правото на информирање;
- спротивно на Законот, располагал со имотот на СБ како со свој сопствен; во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалил имотот на СБ, а знаел или морало да знае дека СБ не е способна да ги изврши своите обврски спрема трети лица; и
- во други случаи утврдени со Законот.

## VI. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИ

**Член 18**

Добивката на СБ ја распоредува со Одлука Собранието на СБ, по предлог на Надзорниот одбор.

Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на Законот, релевантен подзаконски акт или овој Статут, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите.

Учеството на акционерите во добивката се определува согласно законите, овој Статут и интерните акти на СБ.

Имателите на приоритетни акции имаат право на исплата на дивиденда пред имателите на обични акции.

**Член 19**

СБ формира резерви преку задржување на делот на добивката и преку ревалоризирање (издвојување на дел од ревалоризираните резерви) на претходните резерви, врз основа на одлука на Собранието на акционери на СБ.

Резервите на СБ служат за покривање на загубите што произлегуваат од ризиците со кои се соочува СБ во своето работење.

Резервите на СБ нема да се користат за исплата на дивиденда.

**Член 20**

За обезбедување од потенцијалните и/или настанатите загуби кои произлегуваат од конкретни ризични активни билансни и вонбилансни позиции, СБ е должна да изврши исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва.

Исправката на вредноста и износот на посебната резерва се утврдуваат на начин и висина според методологијата што ја пропишува Советот на Народната банка.

**Член 21**

СБ со одлука на Собранието на акционери може да формира фондови за посебни намени.

## VII. СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ

**Член 22**

СБ ќе располага со адекватно ниво на сопствени средства зависно од природата, видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците кои произлегуваат од извршувањето на тие активности (адекватност на капиталот).

СБ ќе работи на начин којшто ќе овозможи постојано да биде способна да ги исполни сите обврски (солвентност).

**Член 22 - а**

СБ е должна да одржува стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал согласно Законот за банките.

СБ е должна да ги одржува следните заштитни слоеви на капиталот, во износ пропишан со Законот за банките:

1) заштитен слој за зачувување на капиталот;
2) противцикличен заштитен слој на капиталот;
3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки и
4) системски заштитен слој на капиталот.

Износот на стапките на заштитните слоеви на капиталот од ставот 2 на овој член СБ го пресметува согласно Законот за банките и Методологијата на Народната банка, односно согласно Решение донесено од Гувернерот на Народната банка.

1. **Управување со ризици**

**Член 23**

СБ постојано управува со ризиците, соодветно на природата, видот и обемот на финансиски активности што ги извршува согласно прописите, стандардите и правилата во областа на банкарството и методологијата пропишана од Народната банка.

СБ ја одржува изложеноста на одредени видови ризици во лимити утврдени со Законот за банки.

Надзорниот одбор на СБ ги утврдува критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот степен на ризичност, со општите акти и процедурите. Општите акти и процедурите треба да бидат согласно прописите, стандардите и правилата од областа на банкарството и методологијата пропишана од Советот на Народна банка.

Општите акти и интерните процедури ги опфаќаат сите материјални ризици на коишто е изложена СБ при вршењето на одделни и на сите видови финансиски активности, а особено следните видови ризици:

1. Ликвидносен ризик;
2. Кредитен ризик, вклучувајќи и ризик на земјата и ризик на друга договорна страна;
3. Ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности, валутен ризик и пазарен ризик;
4. Ризик од концентрација на изложеност на банката; и
5. Оперативен ризик, вклучувајќи го и ризикот од неадекватност на информативните системи.

## VIII. ОРГАНИ НА СБ

**Член 24**

Органи на СБ се: Собрание на акционери, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор.

Други органи кои може да се формираат согласно овој Статут, со одлука донесена од страна на Надзорниот одбор, се: Извршен корпоративен кредитен одбор; Кредитен одбор; Кредитен одбор за средни компании; Повисок кредитен одбор за мали компании; Кредитен одбор за мали компании и Кредитен одбор за население.

Покрај органите на СБ, утврдени со став 1 и 2 од овој член, во СБ, со одлука на Надзорниот одбор или Управниот одбор, може да се формираат: комисии, работни групи и советодавни тела.

### 1. Собрание на акционери

**Член 25**

Со СБ управуваат акционерите – иматели на обични акции, преку Собранието на акционери на СБ.

Собранието на акционери го сочинуваат сите акционери на СБ, лично или преку нивните полномошници.

Акционерите кои се правни лица, на Собранието ги застапуваат нивните законски застапници или лица кои се овластени од нив.

Секој акционер може да овласти полномошник на седница на Собрание на акционери на начин и согласно условите утврдени со закон, со давање полномошно во писмена форма, за што тој е обврзан веднаш да ја извести СБ преку писмено известување или по електронски пат. Акционер кој нема да ја извести Банката за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Акционерите можат да овластат полномошници и/или ним да им дадат инструкции за гласање на електронски начин, воедно можат и да го откажат полномошното преку електронски начин.

**Член 26**

Собранието ги врши следните работи:

1. го усвојува Статутот на СБ и измените и дополнувањата на Статутот на СБ;
2. го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работењето на СБ заедно со писменото мислење според него изготвено од страна на Надзорниот одбор;

3. го разгледува и го усвојува извештајот на Друштвото за ревизија и писменото мислење според него изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4. ги усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на СБ;
5. одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка или за покривање на загубите на СБ;
6. одлучува за нова емисија на акции на СБ;
7. одлучува за статусни промени и за престанок на работење на СБ;
8. ги именува и ги разрешува членовите на Надзорниот одбор на СБ;
9. избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија;
10. одлучува за зголемување и намалување на почетниот капитал (основна главнина); и
11. одлучува и за други прашања од значење за работењето на СБ предвидени со овој Статут.

**Член 27**

Собранието на акционери работи на седници, кои се одржуваат еднаш годишно (Годишни седници на Собрание на акционери) и по потреба (Вонредни седница на Собрание на акционери).

Годишните седници на Собранието на акционери ги свикува Надзорниот одбор на СБ и истите се одржуваат пред истекот на шест месеци од календарската година за претходната година, или по исклучок, во случаи утврдени со Законот за банки, годишната седница на Собранието на акционери за претходната година може да се одржи пред истекот на девет месеци од календарската година.

На Годишните седници на Собрание на акционери задолжително:

- се разгледуваат и усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на СБ во претходната деловна година;
- се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубите; и
- се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор.

Вонредните седници на Собранието на акционери ги свикува Надзорниот одбор на СБ, по барање на акционерите, согласно законите.

**Член 28**

Акционерите кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас можат по писмен пат да бараат од Надзорниот одбор да свика седница на Собранието на акционери. Во писменото барање треба да биде наведена целта и причините за свикување на седница на Собранието, своето име и презиме, место на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерска книга издадена од

Централниот депозитар за хартии од вредност, во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото.

Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување седница на Собранието на акционери донесува одлука за прифаќање или одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

**Член 29**

Седница на Собранието на акционери може да биде свикана со праќање покана со препорачано писмо до сите акционери. Листата на поканети акционери се составува според изводот од Акционерската книга којшто не е постар од три дена пред денот на испраќањето на поканата. Поканата се испраќа на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.

Седницата на Собранието на акционери може да биде свикана и со објавување на јавен повик до акционерите, најмалку во еден дневен весник.

Јавниот повик се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија. Согласно применливата регулатива, Јавниот повик треба да биде објавен на насловната страница од официјалната интернет-страница на СБ и на интернет-страницата на Македонската берза на хартии од вредност.

Собранието може да одлучува само по прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас можат во период од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик, односно од денот кога е испратена поканата да предложат дополнување/изменување на предложениот Дневен ред со нови точки или одлуки по предложените точки, согласно Законот за трговски друштва.

Предлогот за дополнување/изменување на предложениот Дневен ред се доставува до Надзорниот одбор на СБ. Предлогот ќе се испрати или ќе се објави на ист начин на којшто била свикана седницата на Собранието на акционери најдоцна 8 (осум) дена пред денот на одржување на седницата.

Во случај на изменет Дневен ред, тој ќе се стави на располагање на акционерите на истиот начин како и претходниот Дневен ред, во период не подоцна од 48 часа пред денот на одржување на седницата.

Право на учество на седниците на Собранието на акционери и право на глас имаат сите акционери кои се уредно запишани во Акционерската книга, освен ако со закон поинаку не е определено.

Секој акционер кој има намера да учествува на свикана седница на Собранието на акционери е должен да ја информира СБ за своето учество на седницата на Собранието на акционери (преку пријава за учество на седницата на Собранието) најдоцна пред почетокот на свиканата седница на Собранието на акционери.

**Член 30**

Поканата, односно јавниот повик за свикување седница на Собранието на акционери се составува согласно одредбите од Законот за трговските друштва и треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- датумот, часот и местото на одржување на седницата и предложениот Дневен ред;
- опис на процедурите согласно кои акционери учествуваат и гласаат;
- начинот на вклучување нови точки и/или предлагање одлуки;
- начинот на поставување прашања;
- временскиот период за опишаните активности;
- процедурата за гласање преку полномошник и начинот на електронска достапност и доставување на обрасците за гласање; и
- официјалната интернет-страница каде што горенаведените информации ќе бидат достапни.

Во рамките на законски пропишаниот период, на официјалната интернет-страница на СБ треба да бидат достапни најмалку следниве податоци: Јавниот повик, вкупниот број акции и вкупниот број акции со право на глас од секој род и класа, материјали (одлуки, извештаи и мислења согласно закон) за точките на Дневен ред, предложени точки и/или одлуки  за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на Банката по секоја точка од предложениот Дневен ред на седницата на Собранието на Банката, и електронски обрасци за гласање.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на седницата на Собранието на акционери до денот на одржување на седницата на Собранието не може да биде пократок од 30 дена од денот на одржување на седницата на Собранието на акционери.

Акционерите можат да извршат увид во материјалите за седницата на Собранието на акционери во седиштето и деловите на СБ од денот на испраќањето на поканата, односно објавувањето на јавниот повик.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките на Дневниот ред.
Прашањата треба да бидат дополнети со документација од која СБ ќе може да го потврди личниот идентитет на акционерот. Точната документација ќе биде вклучена во Јавниот повик.

Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на СБ да одговори на поставените може да биде ограничена само поради одржување на ред во

заседавањето и работата на Собранието или преземање активности за зачувување на доверливоста во работењето и деловните интереси на СБ.

Одговорите на поставените прашања пред и за време на седницата на Собранието на акционерите ќе бидат објавени на интернет-страницата на СБ во формат на прашање и одговор.

Прашањата со иста содржина ќе бидат одговорени со збирен одговор.

**Член 31**

Собранието на акционери може да работи (кворум за работа) кога на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.

Седниците на Собранието на акционери се одржуваат со физичко присуство.

Одлуките на седницата на Собранието на акционери се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на седницата на Собранието на акционери, освен ако со закон или овој Статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на Собранието на акционери.

Одлуките на седницата на Собранието на акционери, вклучувајќи ги и одлуките за именување или отповикување на членови на Надзорниот одбор, се донесуваат со јавно гласање.

Одлуките на седницата на Собранието се донесуваат со тајно гласање, по барање на еден или повеќе акционери коишто имаат најмалку една десетина од вкупниот број акции со право на глас.

**Член 32**

Ако на седницата на Собранието на акционери не се обезбеди кворум, се закажува нов термин и седницата се одржува во рок од најмногу 15 дена од датумот за којшто било закажано одржувањето на седницата на Собранието на акционери на која не се обезбедил кворум.

Презакажаната седница на Собранието се свикува на начин на којшто е свикана седницата на Собранието на којашто немало кворум за работа.

На презакажаната седница на Собранието може да се одлучува со мнозинство на акциите со право на глас присутни или претставени на седницата, само по прашања утврдени во дневниот ред за првото свикување на седницата на Собранието, без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. Собранието на

акционерите нема да одлучува за прашањата за кои со закон или овој Статут е определено одлучување со поголемо мнозинство од мнозинството потребно за кворум утврдено во член 31 став 1 од овој Статут.

**Член 33**

Собранието на акционери донесува одлуки со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас на акционерите или нивните претставници/застапници кои се присутни на седницата на Собранието на акционери за:

- зголемување и намалување на уплатениот акционерски капитал;
- промена на називот и седиштето на СБ;
- статусни промени на СБ и решавање на меѓусебните односи на акционерите на СБ во случај на статусни измени на СБ;
- решавање на спорови меѓу акционерите на СБ; и
- престанок на работењето на СБ.

Одлуката за изменување и дополнување на Статутот се усвојува од Собранието на акционери со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас.

**Член 34**

Собранието на акционери донесува Деловник за работа со кој поблиску се регулира начинот на работењето, гласањето и други прашања од значење за работата на Собранието на акционери, вклучувајќи го, меѓу другото, и начинот на поставување и одговарање на прашањата од акционерите за свиканата седница на Собранието на акционери.

**2. Надзорен одбор**

**Член 35**

Надзорниот одбор на СБ го сочинуваат 7 членови, како што следува:

1. Член – Претставник на акционер;
2. Член – Претставник на акционер;
3. Член – Претставник на акционер;
4. Член – Претставник на акционер;
5. Член – Претставник на акционер;
6. Независен член;
7. Независен член.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години.

Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на СБ се независни членови.

Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат Претседател и Заменик-претседател на Надзорниот одбор, освен ако со закон поинаку не е определено.

**Член 36**

За членови на Надзорниот одбор можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни и ги исполнуваат сите критериуми согласно Законот за банки и релевантните одлуки на Народна банка и член 50 од Статутот на Банката.

Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор во СБ подолго од три последователни мандата.

**Член 37**

Надзорниот одбор работи и одлучува на седници, кои можат да се одржуваат на следниве начини: со физичко присуство, и/или со телеконференција и/или со видеоконференција, доколку сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат или да се гледаат, односно да разговараат еден со друг.

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на седница ако сите негови членови дадат писмена согласност на предлог-одлуката.

Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш квартално на начин определен во ставот 1 од овој член.

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и ги води Претседателот на Надзорниот одбор, а во случај на негово отсуство, Заменик-претседателот на Надзорниот одбор. Во случај на отсуство на Претседателот и Заменик-претседателот на Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор избираат еден од присутните членови да ја води седницата.

Секретарот на СБ ги администрира и ги води записници од седниците.

**Член 38**

Надзорниот одбор може да одржи седница и да донесува полноважни одлуки ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Надзорниот одбор.

Одлуките од претходниот став се донесени ако за нивно усвојување гласале повеќе од половина од вкупниот број членови на Надзорниот одбор.

**Член 39**

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен за стабилноста и ефикасноста на СБ и заштитата на депонентите на СБ, како и за обезбедување на добро работење и управување и навремено и точно финансиско известување до Народната банка.

Надзорниот одбор и вработените во СБ ѝ служат на СБ и на клиентите на СБ и интересите на СБ и на нејзините клиенти ги ставаат пред својот сопствен материјален интерес.

**Член 40**

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

1. ја усвојува деловната политика и развојниот план на СБ и го следи нејзиното спроведување;
2. именува и разрешува членови на Управниот одбор на СБ;
3. именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици на СБ;
4. именува и разрешува членови на Одборот за ревизија на СБ;
5. го усвојува финансискиот план/Буџетот на СБ;
6. го организира Секторот за внатрешна ревизија, го именува и го разрешува директорот на Секторот и го следи нејзиното/неговото работење;
7. го одобрува годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија;
8. ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем на СБ;
9. ги усвојува политиките за управување со ризици на СБ;
10. усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
11. усвојува политика за наградување, согласно деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на СБ;
12. донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на СБ;
13. ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на СБ;
14. ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
15. ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
16. ги разгледува извештаите на Секторот за внатрешна ревизија;
17. ги разгледува извештаите на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите;
18. ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на СБ;
19. одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 10 % од сопствените средства на СБ, или ЕУР 10.000.001, со исклучок на изложеност врз основа на купување хартии од вредност издадени од Народна банка на Република Северна Македонија и Република Северна Македонија;
20. одобрува трансакции со поврзани лица со СБ во износ од над 6.000.000 денари;

21. го одобрува стекнувањето капитални делови и купувањето хартии од вредност, поголеми од 5 % од сопствените средства на СБ, освен купување хартии од вредност издадени од Народна банка на Република Северна Македонија и Република Северна Македонија;
22. го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување соодветна ревизија;
23. ја усвојува политиката за вршење внатрешна ревизија;
24. ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на СБ;
25. го одобрува годишниот извештај за работењето на СБ и доставува писмено мислење според него до Собранието на акционери на СБ;
26. го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење според него до Собранието на акционери на СБ;
27. го усвојува Кодексот за корпоративно управување со којшто се уредуваат правилата за управување и надзор на СБ;
28. го усвојува Кодексот за етика на СБ;
29. Одлучува за делумен или целосен отпис на кредитна изложеност врз основа на елаборат за извршен отпис изготвен од надлежниот сектор на Банката;
30. го разгледува извештајот за трансакциите со поврзаните лица со Банката, како и за износот на одобрени кредити и други облици за изложеност на/кон лицата со посебни права и одговорности во Банката, најмалку на квартална основа; и
31. врши и други надлежности кои се согласно важечката регулатива.

Надзорниот одбор е обврзан да го надгледува работењето на членовите на Управниот одбор и да го мониторира работењето на лицата надлежни за функциите на контрола.

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на акционери на СБ.

**Член 41**

Членовите на Надзорниот одбор имаат право на исплата на надомест за нивното учество и работа на седниците на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор на кои им се доделени дополнителни должности можат дополнително да бидат исплатени за нивната работа.

Износите, наведени во претходниот став, ќе бидат одредени и исплатени врз основа на одлука на Собранието на акционери на СБ.

Покрај горенаведените износи, на членовите на Надзорниот одбор ќе им бидат надоместени и износите за патување, сместување и сите останати дополнителни трошоци кои произлегуваат од исполнувањето на нивните обврски.

**Член 42**

Надзорниот одбор донесува Деловник за работа со којшто поблиску се регулира начинот на работа, одлучувањето, времето и местото на одржувањето на седниците на Надзорниот одбор.

**3. Управен одбор на СБ**

**Член 43**

Управниот одбор на СБ се состои од седум (7) члена: еден Генерален извршен директор/Претседател на Управниот одбор и шест (6) генерални директори: Генерален директор за корпоративно банкарство, Генерален директор за управување со ризици, Генерален директор за банкарство на мало, Генерален директор за финансии, Генерален директор за оперативни работи и Генерален директор за трансформација и стратегија.

Членовите на Управниот одбор се именуваат со одлука на Надзорниот одбор на СБ со мандат од четири години со право на реизбор.

Со одлуката за именување на членовите на Управниот одбор, членот именуван за Генерален извршен директор се именува и за Претседател на Управниот одбор.

Секој од членовите на Управниот одбор е законски застапник на СБ и СБ во кое било време ја застапуваат двајца членови на Управниот одбор, од кои еден задолжително треба да биде Генералниот извршен директор/Претседател на Управниот одбор. Во случај на негово отсуство, тој може да го пренесе ова право само на друг член на Управниот одбор.

Генералниот извршен директор/Претседател на Управниот одбор ја претставува СБ пред трети лица и пред јавноста. Начинот на претставување на СБ подетално ќе биде уреден со Деловникот на Управниот одбор, кој покрај другото, ќе го има предвид и ставот 4 од овој Член.

Членовите на Управниот одбор се одговорни за работењето на Банката согласно важечката законска регулатива и интерните акти на Банката.

Надлежностите на членовите на Управниот одбор се:
Генерален извршен директор/Претседател на Управниот одбор: ги следи и ги координира активностите на Управниот одбор и целокупното работење на Банката.

Генерален директор за банкарство на мало: надлежен за целокупните активности за банкарство на мало;

Генерален директор за корпоративно банкарство: надлежен за целокупните активности за корпоративно банкарство;

Генерален директор за управување со ризици: надлежен за целокупните активности за управување со ризици;

Генерален директор за финансии: надлежен за целокупните активности за финансии, средства и ликвидност;

Генерален директор за оперативни работи: надлежен за целокупните оперативни активности;

Генерален директор за трансформација и стратегија: надлежен за целокупните активности за транформација и стратегија.

Поделбата на надлежностите на членовите на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје е следната:

1. Генерален извршен директор/Претседател: го следи и го координира работењето на Управниот одбор, целокупното работење на Банката и организационите единици кои ги вршат следниве функции: право, наплата и управување со човечки ресурси.

2. Генералниот директор за банкарство на мало: надлежен за целокупното работење поврзано со банкарство на мало и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на банкарство на мало.

3. Генерален директор за корпоративно банкарство: надлежен за целокупното работење поврзано со корпоративно банкарство и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на корпоративно банкарство.

4. Генерален директор за управување со ризици: надлежен за целокупното работење поврзано со управување со ризици и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на управување со ризици.

5. Генерален директор за финансии: надлежен за целокупното финансиско работење и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на финансии, средства и ликвидност.

6. Генерален директор за оперативни работи: надлежен за целокупното оперативно работење и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат оперативни процеси и инфраструктура.

7. Генерален директор за трансформација и стратегија: надлежен за целокупното работење поврзано со трансформација и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на трансформација.

Определувањето на организациони единици (Сектори и Дирекции) по одделни деловни линии кои за својата работа му одговараат на Сениор директор, член на Управен одбор или на Управниот одбор, се врши со посебна Одлука за организација

на работењето и поделба на одговорностите во СБ, донесена од страна на Надзорниот одбор.

Секторот за внатрешна ревизија е одговорен за своето работење пред Надзорниот одбор на СБ. Директорот на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите и Одговорното лице за сигурност на информативниот систем се одговорни за своето работење пред Управниот одбор. Секретарот на СБ е одговорен за своето работење пред Управниот одбор.

**Член 44**

Членовите на Управниот одбор на СБ ги поседуваат следните квалификации:

1. високо образование;

2. најмалку шест години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството, или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во банка со активности соодветни на банката во која се именува;

3. познавање на законите и другите прописи поврзани со банкарството;

4. стручни знаења и искуство потребни за независно управување на банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена, согласно правилата за корпоративно управување согласно Законот за банките.

Членот на Управниот одбор покрај критериумите наведени погоре, треба да ги исполнува и критериумите за лице со посебни права и одговорности подетално дефинирани во член 50 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје.

Доколку бројот на членовите на Управниот одбор на СБ се намали под пропишаниот минимум со Законот за банки, Надзорниот одбор од своите редови именува вршител или вршители на должноста член на Управен одбор. Вршителите на должност член на Управен одбор се предмет на упис во трговскиот регистар.

Членот од Надзорниот одбор кој е именуван за вршител на должност член на Управен одбор во периодот на извршување на оваа должност не може да учествува во донесувањето на одлуките што се во надлежност на Надзорниот одбор.

**Член 45**

Членовите на Управниот одбор на СБ се во постојан работен однос во СБ и барем еден од нив го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Надзорниот одбор на СБ не може да именува член на Управниот одбор – генерални директори без претходна согласност на Народна банка.

**Член 46**

Управниот одбор на СБ:

1. управува со СБ;
2. ја застапува СБ;
3. ги извршува одлуките на Собранието на акционери и на Надзорниот одбор на СБ, односно се грижи за нивното спроведување;
4. покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на СБ;
5. ги именува и ги разрешува лицата со посебни права и одговорности согласно Законот за банки и овој Статут;
6. изготвува деловна политика и развоен план на СБ;
7. изготвува финансиски план/Буџет на СБ;
8. изготвува политика за сигурност на информативниот систем на СБ;
9. изготвува годишен извештај за работењето на СБ и го доставува до Надзорниот одбор;
10. изготвува Кодекс на етика на СБ;
11. дава претходна согласност и доставува предлози за делумен или целосен отпис на побарувања до Надзорниот одбор;
12. донесува одлуки за продажба на побарувања и
13. врши и други активности, согласно закон, Статутот и актите на СБ.

Управниот одбор работи и одлучува на седници што се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно и со носење на одлука помеѓу седници со писмено изјаснување.

Управниот одбор може да одржува седници и да носи валидни одлуки ако на седницата присуствуваат сите негови членови.

Во случај на отсуство на еден од членовите, негова согласност се дава со писмено изјаснување или преку телефонско гласање, за што се изготвува записник.

Одлуките донесени на седниците се валидни ако сите членови на Управниот одбор гласаат позитивно за одлуката.

Седниците се водат од страна на Претседателот на Управниот одбор или Член-претседавач.

Секретарот на СБ ги администрира и ги води записници за седниците и изготвува одлуки на Управниот одбор.

Начинот на работење и начинот на одлучување на Управниот одбор, како и начинот на застапувањето и претставувањето на СБ ќе бидат подетално уредени со Деловникот усвоен од Управниот одбор и одобрен од Надзорниот одбор.

**Член 47**

Управниот одбор на СБ е одговорен за:

1. обезбедување услови за работење на СБ согласно прописите;
2. управување и следење на ризиците;
3. постигнување и одржување адекватно ниво на сопствени средства;
4. функционирање на системот на внатрешни контроли во сите области на работење на СБ;
5. непречено работење на Секторот за внатрешна ревизија на СБ, односно осигурува дека Секторот за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во СБ со цел за непречено спроведување на неговите активности;
6. непречено работење на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите, односно осигурува дека Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите има пристап до документацијата и до вработените во СБ со цел непречено спроведување на овластувањата;
7. донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето лица со посебни права и одговорности, освен за Директорот на Секторот за внатрешна ревизија, кој се именува и се разрешува од Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
8. водење на трговските и другите книги и деловната документација на СБ, изработка на финансиски и други извештаи согласно прописите за сметководство и сметководствените стандарди;
9. навремено и точно финансиско известување;
10. редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народната банка согласно закон и прописите донесени врз основа на закон;
11. спроведување на мерките изречени од страна на Гувернерот на Народна банка спрема СБ;
12. носење на сите интерни акти на СБ, освен оние пропишани во член 40 од овој Статут што се во надлежност на Надзорниот одбор.

Управниот одбор на СБ за својата работа одговара пред Надзорниот одбор на СБ.

Управниот одбор на СБ го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.

**Член 48**

Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор за:

1. влошена ликвидност или солвентност на СБ;
2. постоење основ за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување на одредена финансиска активност согласно закон;
3. намалување на сопствените средства под пропишаното ниво согласно закон;
4. наодите на супервизијата и надзорот на Народната банка и

5. наодите на Управата за јавни приходи и други контролни органи.

Член на Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице.

**Член 49**

Надзорниот одбор на СБ, согласно прописите и Колективниот договор на СБ, склучува договори со членовите на Управниот одбор на СБ со кој се уредуваат работите, обврските, одговорноста, правата, платата и другите надоместоци и друго на секој член на Управниот одбор на СБ.

**4. Лица со посебни права и одговорности**

**Член 50**

Лица со посебни права и одговорности во СБ се:

- членови на Надзорен одбор, Управен одбор, Одбор за управување со ризици и Одбор за ревизија и
- работници со посебни права и одговорности (други лица со посебни права и одговорности): Сениор директор за управување со кредитен ризик, Сениор директори, Секретар на СБ, Директори на сектори и Заменици-директори на сектори.

Работниците со посебни права и одговорности се назначуваат со мандат од една, две или три години согласно одлуката за назначување која се донесува од страна на надлежен орган, согласно прописите и овој Статут.

Лицата со посебни права и одговорности ги раководат, гиорганизираат и ги контролираат сите процеси во секторите, дирекциите, филијалите и службите на СБ. Нивните права и одговорности произлегуваат од прописите за работни односи и останатите права и одговорности утврдени со менаџерските договори.

Лицата со посебни права и одговорности задолжително треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да имаат соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката.

Лице со посебни права и одговорности не може да биде лице:

- член на Советот на Народната банка;
- вработено во Народната банка;
- на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- кое не поседува репутација, со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката. Лице кое не поседува репутација исто така е лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци сè додека траат правните последици од пресудата;

- кое не ги почитува одредбите од Законот за банки и прописите донесени врз негова основа и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Гувернерот на Народната банка, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката;
- член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка, освен кога се работи за членство во органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надомест во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста бнкарска група во Република Северна Македонија или во странство;
- кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациска постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациска постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациска постапка.

Член на Управен одбор може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Член на Управен одбор не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Член на Управен одбор не поседува репутација и во случај кога тој/таа има соработник кој е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци се ѐ додека траат правните последици од пресудата.

Член на Надзорен одбор може во исто време да биде и:
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

**Член 51**

Управниот одбор на СБ склучува договори со работиниците со посебни права и одговорности со кои се уредуваат работите, обврските, одговорноста, правата, платата и другите надоместоци.

**Член 52**

Лицата со посебни права и одговорности се должни да работат единствено во интерес на СБ и на нејзините депоненти и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.

Доколку некој од работниците со посебни права и одговорности утврди дека одлуката на органите на СБ е спротивна на закон или на друг пропис донесен врз основа на закон или дека според својата содржина е таква што може да ја загрози ликвидноста на СБ и нејзината стабилност и сигурност, или на кој било начин е штетна за работењето на СБ, должен е за ова писмено да ги извести Народната банка, Надзорниот одбор, органот на СБ кој ја донел одлуката и лицето одговорно за усогласување на прописите.

**Член 53**

Согласно овој Статут, членови на Управниот одбор на СБ може да овластат други вработени на СБ да ја застапуваат СБ за одредени работи.

**Член 54**

Со решение на Управниот одбор на СБ се утврдуваат овластувањата на одговорните лица за потпишување на поединечните документи на СБ.

Овластените лица од став 1 на овој член дадените овластувања не може да ги пренесуваат на други лица.

**Член 55**

Како советодавно тело на Управниот одбор на СБ се формира Извршен одбор на СБ.

Извршен одбор на СБ го сочинуваат: членовите на Управниот одбор, Сениор директор за ликвидност и финансии, Сениор директор за оперативни работи, Сениор директор за корпоративно банкарство, Сениор директор за продажба и мрежа на филијали, Сениор директор за управување со кредитен ризик, Сениор директор за мали компании и Сениор директор за правни работи и Секретарот на СБ.

Генералниот извршен директор/Претседател на Управниот одбор ги закажува и претседава со седниците на Извршниот одбор.

По потреба, по покана, во работата на Извршниот одбор учествуваат Директорите на секторите, други работници на СБ и надворешни советници.

**5. Одбор за управување со ризици**

**Член 56**

Одборот за управување со ризици на СБ се состои од 9 членови, како што следува:

1. Генерален извршен директор и Претседател на Управниот одбор на СБ, Претседател;
2. Генерален директор за управување со ризици на СБ и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, член;
4. Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор, член;
5. Генерален директор за финансии и член на Управниот одбор, член;
6. Сениор директор за управување со кредитен ризик, член;
7. Сениор директор за корпоративно банкарство, член;
8. Директор на Секторот за наплата, член;
9. Директор на Секторот за управување со ризици, член;

Членовите се назначуваат од страна на Надзорниот одбор на СБ со мандат од две години.

Членовите на Одборот за управување со ризици треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, да имаат познавање за работењето на СБ, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена СБ.

**Член 57**

Одборот за управување со ризици ги врши следните работи:

1. перманентно го следи и го оценува степенот на ризичност на СБ и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на СБ на ризици;
2. воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
3. ги следи прописите на Народната банка, кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на СБ со овие прописи;
4. врши оцена на системите на управување со ризиците на СБ;
5. утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена СБ;
6. ги анализира извештаите за изложеноста на СБ на ризик изработени од службите на СБ кои вршат оцена на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
7. ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешните контроли во управувањето со ризици;
8. ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на СБ;
9. ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;

10. дава оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди СБ со нивото на преземен ризик согласно деловната политика и развојниот план на СБ;
11. квартално го известува Одборот за надзор на управувањето со ризици и Надзорниот одбор на СБ за промените во ризичните позиции на СБ, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на СБ, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од нив и
12. одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на СБ.

**Член 58**

Одборот за управување со ризици работи и одлучува на седници, кои можат да се одржуваат на следниве начини: со физичко присуство и/или со телеконференција и/или со видеоконференција доколку сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат или да се гледаат, односно да разговараат еден со друг.

Одборот за управување со ризици може да одлучува и без одржување на седница доколку сите членови дадат писмена согласност на предлог-одлуката.

Одборот за управуввање со ризици се состанува најмалку еднаш неделно со кворум на мнозинство од неговите членови на начин определен во став 1 од овој член.

Седниците се свикуваат и се водат од страна на Претседателот или Член-претседавач. Одборот за управување со ризици назначува Секретар којшто е одговорен за администрирање на седниците и водење записници од седниците.

Одборот за управување со ризици донесува одлуки со мнозинство од членовите на Одборот.

Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и таа ја доставува до Надзорниот одбор.

**6. Одбор за ревизија**

**Член 59**

Одборот за ревизија на СБ се состои од пет члена, како што следува:

1. Член, член на Надзорен одбор;
2. Член, член на Надзорен одбор;
3. Член, член на Надзорен одбор;

4. Независен член;
5. Независен член и овластен ревизор.

Членовите се именуваат и се разрешуваат од страна на Надзорниот одбор на СБ со мандат од две години.

Членовите на Одборот за ревизија, покрај условите од став 4 член 50 на овој Статут, треба да имаат познавање и за:

1. работењето на СБ, нејзините производи и услуги;
2. ризиците на кои е изложена СБ;
3. системите на внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на СБ и
4. сметководството и ревизијата.

**Член 60**

Одборот за ревизија ги врши следниве работи:

1. ги разгледува финансиските извештаи на СБ и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на СБ согласно прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
2. ги разгледува и ги оценува системите за внатрешна контрола;
3. ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија;
4. го следи процесот на ревизија на СБ и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
5. ги донесува сметководствените политики на СБ;
6. ја следи усогласеноста на работењето на СБ со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
7. одржува состаноци со Управниот одбор, Секторот за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката;
8. ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
9. предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија и
10. најмалку еднаш во три месеца го известува Надзорниот одбор на СБ за својата работа.

**Член 61**

Одборот за ревизија најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно.

Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до надзорниот одбор на СБ. Во годишниот извештај е содржана оцената од ставот 1 на овој член.

**Член 62**

Членовите на Одборот за ревизија од своите редови избираат Претседател, кој е одговорен за организација на работата на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија се состанува и одлучува на седници, кои можат да се одржуваат на следниве начини: со физичко присуство и/или со телеконференција и/или со видеоконференција доколку сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат или да се гледаат, односно да разговараат еден со друг. Одборот за ревизија се состанува по барање на неговите членови или по барање на Надзорниот одбор.

Одборот за ревизија може да одлучува и без одржување на седница доколку сите членови дадат писмена согласност на предлог-одлуката.

Одборот за ревизија одржува седница најмалку еднаш на три месеци на начин определен во став 2 од овој член.

Одборот за ревизија може да свика седница и да носи полноважни одлуки ако е присутно мнозинство од вкупниот број членови што учествуваат на седницата на Одборот за ревизија.

Одлуките од претходниот став се донесени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број членови на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија ќе именува Секретар, кој е одговорен за администрирање и водење на записниците од седниците.

Одборот за ревизија усвојува деловник за работа кој го одобрува Надзорниот одбор на СБ.

**7. Кредитни одбори и други органи**

**Член 63**

1. Кредитните одбори, кои се формираат со одлука на Надзорниот одбор на СБ, се:

   1. **<u>Извршен корпоративен кредитен одбор (ИККО)</u>:** се состои од 6 члена, и тоа:

      1. Генерален извршен директор и Претседател на Управниот одбор на СБ, Претседател;
      2. Раководно лице на НБГ групацијата именувано од Генерален директор за кредитирање на НБГ групацијата, член;
      3. Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член;

4. Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
5. Сениор директор за управување со кредитен ризик на СБ, член и
6. Претставник на Сектор за меѓународни активности на НБГ групацијата, член.

Членовите се избираат со неограничен мандат.

ИККО одлучува за кредитна изложеност спрема поединечен субјект - правно лице за финансирање во износ од EUR 5.000.001 до EUR 10.000.000. Сите финансирања што надминуваат 10.000.001 EUR или 10 % од сопствените средства на СБ се одобруваат од страна на Надзорниот одбор на СБ. ИККО исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се одржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

2. **Кредитен одбор (КО):** се состои од 5 члена, и тоа:

1. Генерален извршен директор и Претседател на Управниот одбор на СБ, Претседател;
2. Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
4. Сениор директор за управување со кредитен ризик на СБ, член и
5. Сениор директор за корпоративно банкарство на СБ, член;

Членовите се избираат со неограничен мандат.

КО одлучува за кредитна изложеност спрема поединечен субјект - правно лице за финансирање во износ од EUR 2.000.001 до EUR 5.000.000. КО исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања утврдени со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се оддржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

2. **Кредитен одбор за средни компании (КОСК):** се состои од 5 члена, и тоа:

1. Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, Претседател;
2. Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Сениор директор за управување со кредитен ризик на СБ, член
4. Сениор директор за корпоративно банкарство на СБ, член;
5. Директор или Заменик-директор на Сектор за изготвување на кредитни предлози, член.

Членовите се избираат со неограничен мандат.

КОСК одлучува за кредитна изложеност спрема поединечен субјект – правно лице во износ до EUR 2.000.000. КОСК исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања утврдени со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се одржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

4. **<u>Повисок кредитен одбор за мали компании (ПКОМК)</u>**: се состои од 5 члена, и тоа:

1. Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, Претседател;
2. Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, член;
3. Сениор директор за управување со кредитен ризик на СБ, член
4. Директор на Сектор за мали компании, член; и
5. Директор на Сектор за управување со кредитен ризик или Директор на Секторот за управување со ризици, член.

Членовите се избираат со неограничен мандат.

ПКОМК одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект – правно лице во износ од EUR 100.001 до EUR 500.000 и кредитна изложеност кон поединечен субјект – физичко лице во износ од EUR 100.001. ПКОМК исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања согласно важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се одржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

5. **<u>Кредитен одбор за мали компании (КОМК):</u>** се состои од 5 члена, и тоа:

1. Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, Претседател;
2. Директор на Сектор за мали компании, член;
3. Директор или Заменик директор на Сектор за управување со производи и со клиентски сегменти, член;
4. Директор на Сектор за управување со кредитен ризик, член и
5. Директор на Дирекција за управување со кредитен ризик на портфолио на мали компании.

Членовите се избираат со неограничен мандат.

КОМК одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект – правно лице во износ до EUR 100.000. КОМК исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања согласно важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се одржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

Пониските нивоа на одобрување можат да се утврдуваат со одлуки на Надзорниот одбор или со одобрување на релевантната кредитна политика.

6. **Кредитен одбор за население (КОН):** се состои од 5 члена, и тоа:

1. Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, Претседател;
2. Директор или Заменик-директор на Сектор за управување со производи и со клиентски сегменти, член;
3. Директор на Сектор за управување со кредитен ризик, член;
4. Сениор директор за продажба и мрежа на филијали, член
5. Директор на Дирекција за управување со кредитен ризик на портфолио на население, член.

Членовите се избираат со неограничен мандат.

КОН одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект – физичко лице во износ до EUR 100.000. КОН исто така одобрува реструктуирање и регулирање на побарувања согласно важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците на Одборот се одржуваат по потреба, по пат на телеконференција или писмено изјаснување со кворум од сите членови на Одборот и одлуките се донесуваат едногласно.

Пониските нивоа на одобрување можат да се утврдуваат со одлуки на Надзорниот одбор.

Кредитните одбори работат согласно релевантните кредитни политики усвоени од Надзорниот одбор.

Членови на Кредитните одбори се лица со посебни права и одговорности во СБ или други вработени во СБ или други лица коишто се оценети како лица со доволно познавање и искуство во соодветната кредитна област.

**Член 63-а**

Друго/и тело/а кои се формирани со Одлука на Надзорниот одбор е/се:

1. **Одбор за именување и наградување (ОИН):** се состои од 3 члена, и тоа:

    1. Независен член од Надзорниот одбор, Претседател,

2. Член на Надзорниот одбор, член и
3. Независен член од Надзорниот одбор, член.

Членовите се назначени со мандат од една година, кој може да се продолжи на неодредено време доколку членот на Одборот сѐ уште ги исполнува критериумите за членство во Одборот и во Надзорниот одбор.

Целта на Одборот за именување и наградување е да му помогне на Надзорниот одбор во извршувањето на својата функција на надзор кон акционерите, со тоа што ќе осигури дека Стопанска банка има цврсто поставена управувачка структура преку стратешки и транспарентен процес на именување на членовите на Надзорниот, Управниот одбор и сениор менаџментот и кохерентни политики и практики за наградување кои правично и одговорно ги наградуваат поединците во однос на перформансите, во рамките на стратегијата за управувањето со ризиците, правната регулатива, деловната стратегија и највисоките стандарди на корпоративно управување.

Одборот за именување и наградување работи согласно Деловникот што го усвојува Надзорниот одбор.

2. Одбор за надзор на управувањето со ризици (ОНУР): се состои од 3 члена, и тоа:

1. Член на Надзорниот одбор, Претседател,
2. Член на Надзорниот одбор, член и
3. Член на Надзорниот одбор, член.

Членовите се назначени со мандат од една година, кој може да се продолжи на неодредено време доколку членот на Одборот сѐ уште ги исполнува критериумите за членство во Одборот и во Надзорниот одбор.

Целта на Одборот за надзор на управувањето со ризици е да му помогне на Надзорниот одбор во извршувањето на независен надзор на високо ниво и советување за стратегијата за ризик и нејзиното спроведување. Одборот гарантира дека рамката за управување со ризици на Банката е усогласена со стратешките цели и дека Банката ефикасно ги идентификува, проценува и управува со ризиците.

Одборот за надзор на управувањето со ризици работи согласно Деловникот што го усвојува Надзорниот одбор.

**8. Внатрешна ревизија**

**Член 64**

Надзорниот одбор на СБ е должен да организира Сектор за внатрешна ревизија, како независен организационен дел во СБ.

Секторот за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на СБ преку:

1. оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешни контроли;
2. оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризици;
3. оцена на поставеноста на информативниот систем;
4. оцена на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи;
5. проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно прописите;
6. следење на почитувањето на прописите, Кодексот на етика, политиките и процедурите;
7. оцена на системите за спречување перење пари и
8. оцена на услугите што СБ ги добива од друштвата за помошни услуги на СБ.

Секторот за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности согласно принципите и стандардите за внатрешна ревизија, Кодексот на етика на СБ и политиката и процедурите за работење на Секторот.

Лицата во Секторот за внатрешна ревизија се вработени во СБ и извршуваат работи само на Секторот. Најмалку еден од лицата вработени во Секоторт е овластен ревизор.

Надзорниот одбор и Управниот одбор се одговорни за ефикасно работење на интерната ревизија согласно применливата регулатива.

**Член 65**

Секторот за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа на Секторот што го одобрува Надзорниот одбор.

Во планот од став 1 на овој член задолжително се наведува предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на годината со планирано времетраење за спроведување на контролите.

**Член 66**

Секторот за внатрешна ревизија е должен за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на СБ.

Надзорниот одбор е должен да го достави годишниот извештај на Секторот за внатрешна ревизија до Народна Банка.

Секторот за внатрешна ревизија е должен веднаш да ги извести Надзорниот одбор и Управниот одбор, доколку во текот на контролата утврди:

1. непочитување на стандардите за управување со ризиците, поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на СБ и

2. дека Управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури.

## IX. ДРУГИ ОДРЕДБИ

### 1. Судир на интереси

**Член 67**

Лицата со посебни права и одговорности се должни редовно, на секои шест месеци, да дадат писмена изјава за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на СБ.

Под личен интерес на лицата од ставот 1 на овој член се подразбираат и интересите на поврзаните лица со нив како што е предвидено со Законот за банки.

Судир меѓу личниот интерес и интересот на Банката постои кога со донесувањето одлуки, склучувањето договори или вршењето други деловни активности се засегнува во материјалните или кој било друг вид деловни или семејни интереси на лицата од ставовите 1 и 2 на овој член.

Под остварување на материјален, деловен и семеен интерес се подразбира остварувањето парична или друг вид на корист, директно или индиректно, за лицата од ставовите 1 и 2 на овој член.

Лицата од ставот 1 на овој член не смеат да присуствуваат при разгледувањето и донесувањето одлуки, да склучуваат договори или да вршат други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање поради постоење судир меѓу нивниот личен интерес и интересот на СБ.

За постоење судир на интереси се дава писмена изјава и пред одржување на состанокот за разгледување и донесување одлуки, склучување договори или вршење друга деловна активност.

Писмената изјава од ставовите 1 и 6 од овој член се доставува до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на СБ и во неа се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на СБ.

Доколку лицето од ставот 1 на овој член премолчи постоење судир на интереси, Народната банка и кое било друго лице кое има правен интерес до надлежниот суд, согласно закон, може да бара поништување на правната работа.

## 2. Контрола на усогласеноста со прописите, спречување перење пари и финансирање тероризам

### Член 68

Управниот одбор на СБ е должен да организира Сектор за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите.

Секторот се состои од вработени и Директор за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите.

Со Секторот раководи Директорот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите.

Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите е одговорен за идентификација и следење на ризиците кои произлегуваат од неусогласеноста на работењето на СБ со прописите, вклучувајќи спречување на перење пари и финансирање тероризмот.

Под ризик од неусогласеност со прописисте се подразбира можниот ризик по приходот и капиталот на СБ којшто произлегува од непримена, неправилна примена, неправилно толкување на законите и подзаконските акти, добрите деловни практики, правила, договори и актите на СБ, како и  од неусогласеноста на актите на СБ и договорите со законите, подзаконските акти, добрите деловни практики.

Директорот и вработените во Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите ги извршуваат единствено работите од став 4 на овој член и се самостојни во извршувањето на работите од нивна надлежност.

Вработените во СБ се должни на Директорот, односно на вработените во Секторот да им овозможат увид во документацијата со којашто располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

Директорот за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор и полугодишен извештај до Надзорниот одбор.

Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите е должен да презема мерки и дејствија со цел откривање и спречување перење пари во сите делови од своето работење, и тоа:

- изготвување политики, процедури, упатства и инструкции за идентификација и анализа на клиенти;
- следење, собирање и чување на податоци за трансакции;
- соработка со надлежните органи;
- чување како деловна тајна на податоците обезбедени врз основа на постојните законски прописи за спречување перење пари,
- воведување внатрешни програми за спречување перење пари и

- други мерки и активности за спречување перење пари предвидени со закон или подзаконски акти.

**3. Осигурување на депозити на физички лица**

**Член 69**

СБ е должна во Фондот за осигурување на депозити да ги осигурува денарските и девизните депозити и тековните сметки на физички лица, депозитите врзани за паричните картички издадени од СБ и девизните приливи на физички лица.

**4. Банкарска тајна**

**Член 70**

Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозитите на поеднинечни лица претставуваат банкарска тајна која СБ е должна да ја заштити и да ја чува.

Лицата кои ги добиле документите, податоците и информациите од став 1 на овој член се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откриваат на трети лица, освен во случаи и процедура утврдена со закон, односно со овој Статут.

Обврската од ставовите 1 и 2 на овој член продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна.

**Член 71**

Видовите податоци и исправи што се сметаат за банкарска тајна на СБ и начинот на нивното чување поблиску се уредуваат со општ акт што го донесува Надзорниот одбор на СБ.

**Член 72**

Обврската од член 70 од овој Статут не се однесува во следните случаи ако:

1. со закон е пропишано објавување на податоците и инфромациите и
2. лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

За лицата со посебни права и одговорности и вработените во СБ обврската од став 1 на овој член се однесува во следните случаи:

1. по писмено барање на јавното обвинителство или на надлежен суд за водење постапки кои се во рамките на неговите надлежности;

2. за потребите на Народна банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;
3. по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;
4. ако податоците ѝ се соопштуваат на Управата за финансиско разузнавање, согласно закон;
5. ако податоците ѝ се соопштуваат на Финансиската полиција, согласно закон;
6. на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;
7. на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити, согласно закон;
8. на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, согласно закон;
9. на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно закон;
10. ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народна банка и до Кредитното биро, согласно закон;
11. податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија, а чија членка е банката;
12. по писмено барање на лицата овластени за извршување, согласно закон; и
13. ако податоците им се даваат на: Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и Фондот за здравствено осигурување, за потребите за вршење на работите од нивните надлежности и согласно прописисте за заштита на личните податоци, само доколку Банката склучи меморандум за соработка со овие институции, со кои се регулира начинот на достапност на податоците.

**5. Безбедност и заштита**

**Член 73**

Во СБ се вршат задачи и се спроведуваат мерки за безбедност и заштита утврдени со важечките прописи.

Мерките за безбедност и заштита и начинот на нивното спроведување поблиску се уредуваат со акти што ги донесува Управниот одбор на СБ.

**6. Информирање**

**Член 74**

Надзорниот одбор и Управниот одбор на СБ се должни да обезбедат соодветна информација за работата на СБ на акционерите на СБ на странските банки со кои соработува СБ, како и на работниците на СБ, како што е определено со закон и со овој Статут.

СБ во своето седиште мора да ги чува следниве акти и документи:

1. Статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;
2. записниците и сите други документи од сите седници на собранијата на акционерите;
3. записниците од седниците и одлуките на Надзорниот одбор;
4. годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;
5. прилози (исправи и докази) коишто се поднесени до трговскиот регистар;
6. сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на СБ;
7. целокупната писмена кореспонденција на СБ со своите акционери;
8. ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на Надзорниот одбор;
9. документите за залог и хипотека;
10. извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;
11. гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на седница на собранието во оригинал или копија;
12. колективниот договор на ниво на СБ и
13. други акти и документи предвидени со законите и со Статутот.

На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи од став 2 на овој член во седиштето на СБ, согласно законите.

Акционерот кој бара увид во актите и документите од став 2 на овој член е должен претходно да ја информира СБ за увидот во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид. Трошоците за бараните копии ги сноси акционерот кој бара увид.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите освен согласно законите.

## 7. Донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите акти

**Член 75**

Статутот на СБ е општ акт.

Другите општи акти на СБ мора да бидат согласно Статутот.

**Член 76**

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат во постапка по која Статутот е донесен.

По донесување на измените на Статутот на СБ, кон пријавата за упис на измените во Трговскиот регистар, Управниот одбор на СБ поднесува изјава во која се наведуваат сите преземени дејствија за измена на Статутот и се наведува дека поднесените податоци се вистинити и се согласно законите.

**Член 77**

Општите акти на СБ ги донесуваат Собранието на акционери или Надзорниот одбор на СБ.

Општите акти од став 1 на овој член што ги донесува Собранието на акционери на СБ ги предлага Надзорниот одбор, а актите што ги донесува Надзорниот одбор ги предлага Управниот одбор на СБ.

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат во постапката по која се донесени.

**Член 78**

Поединечните акти, согласно прописите од овој Статут и општите акти на СБ, ги донесува соодветниот орган на СБ.

## 8. Престанување со работа на СБ

**Член 79**

СБ престанува со работа:

- ако Собранието на акционери на СБ донесе одлука за престанок, согласно член 33 на овој Статут;
- ако Народна банка ја одземе дозволата за основање;
- ако настане статусна промена со која СБ го губи статусот на самостојно правно лице;
- ако е воведена стечајна постапка од страна на надлежниот суд и
- во други случаи предвидени со закон.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 80**

Со влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите на општите и другите акти на СБ кои се во спротивност со овој Статут.

**Член 81**

Усогласување на одредбите на општите и другите акти на СБ со овој Статут ќе се изврши во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој Статут.

**Член 82**

Именуваните членови на Управниот одбор на СБ – Генералните директори продолжуваат да ги вршат функциите по влегувањето во сила на овој Статут, до истекувањето на согласноста за нивно именување издадена од Гувернерот на Народната банка.

**Член 83**

Овој Статут влегува во сила со денот на добивање на соодветна согласност од Гувернерот на Народна банка и ќе се применува од датумот кога Статутарната одлука за измена на Статутот ќе биде донесена од Собранието на Акционери.

Пречистениот текст на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје ги вклучува Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024година, пречистен текст) и Статутарната одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. ______/___________).

**С. О. Бр.__________** **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**30.5.2025 година**
**Скопје** **Претседавач,**